ИП1 бр. 29-536
Дата: 18.07.2025 година

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул.”Бихаќка” бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr.”Bihakjka “ nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на надзор Индивидуален земјоделец ФАРМА-АНДОВ Анде Андов Велес, со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр. 76 Велес, со вршење на дејноста-Одгледување на живина, на ул. Ѓорѓи Шоптрајанов бр. 14 Велес, застапуван од Анде Андов – овластено лице. Со Записник бр. 29-536 од 15.07.2025г. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 став 1 точка 9 од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, Службен весник на РСМ бр. 89/22, 171/22, 03/25) донесе:

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ НАРЕДУВА** на Индивидуален земјоделец ФАРМА-АНДОВ Анде Андов Велес, со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр. 76 Велес:

**1.1** Изготвениот Елаборат за заштита на животната средина за вршење на дејноста–Одгледување на живина, на ул. Ѓорѓи Шоптрајанов бр. 14 Велес, КП 1595 КО Башино село, да го достави на одобрување до надлежниот орган-Градоначалникот на општината.
Рок: 60 (шеесет) дена од денот на приемот на решението.

2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1. на ова решение е должен веднаш по постапувањето или по истекот на рокот определен за извршување на инспекциските мерки, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина, преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024 изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на надзор Индивидуален земјоделец ФАРМА-АНДОВ Анде Андов Велес, со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр. 76 Велес, со вршење на дејноста-Одгледување на живина, ул. Ѓорѓи Шоптрајанов бр. 14 Велес.

[redacted]

Надзорот се изврши со цел да се утврди дали е изработен Елаборат за заштита на животната средина за вршењето на дејноста и дали е одобрен од надлежен орган; дали за вршењето на дејноста е прибавена потребната дозвола согласно со членовите 26 и 28 од Законот за водите. При надзорот беше присутен Зоран Зајков – овластено лице.

За утврдената фактичка состојба се изготви Записник за констатација со бр. 29-536 од 15.07.2025г. со следните констатации:

На КП 1595 КО Башино село, ул. Ѓорѓи Шоптрајанов бр. 14 Велес е организирано вршењето на дејноста интензивно одгледување на живина, во објекти во сопственост на Љупчо Андов, родител на субјектот на надзор Анде Андов, регистриран како Индивидуален земјоделец ФАРМА-АНДОВ Анде Андов Велес. Проектираниот капацитет на објектот за интензивно живинарство е 2500 места за живина. Во време на надзорот на фармата се одгледуваат 1000 несилки.

За вршењето на дејноста на предметната локација е изработен Елаборат за заштита на животната средина со тех.бр. 1927/14 од 14.04.2014г. (извадок од Елаборатот се приложува во списите на предметот), но за истиот не поседува решение за одобрување од Градоначалникот на Општина Велес како надлежен орган. Бидејќи Елаборатот е од постар датум, на барање на ДИЖС извршена е проверка во базата на податоци на општината од страна на стручните служби во Одделението за заштита на животна средина, при што добиено е известување дека таков документ не е евидентиран во постапка за одобрување.

Дејноста и активноста која се извршува припаѓа во Прилог 1- Глава I точка 5 од Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје (Сл.весник на РМ" бр. 80/09, 32/12).

Согласно член 2 став 4 од горенаведената Уредба, Правните и физичките лица кои вршат дејности и активности кои се определени во Прилозите 1 и 2 на оваа уредба, изготвуваат Елаборат за заштита на животната средина, кои го доставуваат на одобрување до надлежниот орган.

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 198 став 5, а врз основа на член 200 став 1 точка 9 од Законот за животната средина, Државниот инспектор за животна средина го донесе ова решение. Рокот во решението е даден за субјектот да ги обезбеди потребните примероци од елаборатот од изготвувачот, во писмена и електронска форма.

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

[redacted]

Доколку субјектот не постапи согласно издаденото решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поведе прекршочна постапка пред надлежен прекршочен орган, во согласност со член 200 став 4 од Законот за животната средина.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението.
Жалбата се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административна такса и се поднесува во два примероци.

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Велес под ИП1бр.29-536, на ден 18.07.2025г.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор

Државен Инспекторат за животна средина
Ул.”Бихаќка” бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr.”Bihakjka “ nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243